# Restricted involuntary treatment orders

About your rights

# Наредби за ограничено принудно лекување

За вашите права

Macedonian

## Краток преглед

Кога сте под наредба за ограничено принудно лекување или под наредба за ограничено лекување во заедницата, вие:

- ќе имате план за лекување и можете да учествувате во планирањето на вашето лекување
- имате право да добиете второ мислење од психијатар во врска со вашето лекување
- имате право да се жалите до Одборот за ревизија на душевното здравје (Mental Health Review Board) против наредбата за вас
- имате право да добиете правен совет и да ве застапува адвокат
- можете да зборувате со пријател или член на семејството и да бидете застапувани од нив
- можете да се жалите на вашето лекување.
- имате права според *Повелбата за човечки права и обврски*.

Можете да замолите член на тимот што ве лекува, пријател, член на семејството, адвокат или посетител од заедницата да ви помогне да ги сторите тие работи.

## Содржина


| | |
|---|---|
| Наредби за ограничено принудно лекување | 2 |
| Лекување како внатрешен пациент | 3 |
| Наредби за ограничено лекување во заедницата | 4 |
| Жалба и ревизија: Одбор за ревизија на душевното здравје | 5 |
| Жалби | 8 |
| Важни контакти | 8 |


## Наредби за ограничено принудно лекување

### За вашите права

Оваа книшка дава информации за пациентите под наредба за ограничено принудно лекување или за ограничено лекување во заедницата и за нивните законски права според Законот за душевно здравје од 1986 г. (Mental Health Act 1986). Член на тимот што ве лекува ќе разговара со вас за овие информации и ќе одговори на вашите прашања.

Информациите мора да ви ги објаснат на јазик и начин што можете да ги разберете. Оваа книшка е преведена и на поголем број други јазици. Може да прашате член на тимот што ве лекува дали ја има на јазикот што вие го претпочитате. Примероци од оваа книшка на други јазици може да се добијат и на интернет на www.health.vic.gov.au/mentalhealth

### Телефонска линија за информации

Може да слушнете снимени информации за Одборот за ревизија на душевното здравје на повеќе јазици ако се јавите на телефонската линија за информации.

Телефонските броеви се наведени на задната страна на книшкава.

Линиите се отворени 24 часа дневно, седум дена неделно.


A Victorian Government initiative

State Government Victoria

Примероци од Законот за душевно здравје може да се добијат од службата за душевно здравје.

Ако во било кое време имате прашања во врска со овие информации или со вашите права, замолете некого да ви објасни. Може да замолите член на тимот што ве лекува, пријател, член на семејството, адвокат, застапник или посетител од заедницата.

### *Повелба за човечки права и обврски*

*Викторискиот закон од 2006 за Повелбата за човечки права и обврски* се стреми да промовира и да заштити одредени човечки права. Повелбата ги одредува заштитените права и бара од јавните служби за душевно здравје да делуваат согласно со тие права.

Повелбата исто така прецизира кога и како правата се ограничени со закон. На пример, според Законот за душевно здравје можете да бидете задржани во службата за душевно здравје ако е неопходно да се заштити вашето здравје или безбедност, или безбедноста на другите. Меѓутоа, секое ограничување на вашата слобода и секое мешање во вашите права, приватност и самопочитување мора да се одржува на неопходниот минимум, зависно од околностите.

Ако имате некои прашања за Повелбата или за тоа како таа може да влијае врз вашето лекување, стапете во контакт со некоја од организациите наведени на крајот од оваа брошура.

## Наредби за ограничено принудно лекување

Наредбите за ограничено принудно лекување ги донесува Судот според *Законот за пресуди од 1991г. (Sentencing Act 1991).* Ако Судот утврди дека некое лице што страда од душевна болест е виновно за прекршок (што не е тежок прекршок), може да издаде наредба за ограничено принудно лекување место да го осуди лицето. Потоа лицето ќе биде одведено во служба за душевно здравје и мора да биде лекувано од неговата душевна болест.

Душевната болест во Законот за душевно здравје (Mental Health Act) е опишана како здравствена состојба што се одликува со значително нарушување на размислувањето, расположението, забележувањето или помнењето.

Судот ви изрекол наредба за ограничено принудно лекување за да добивате лекување поради душевна болест. Судот ќе ја изрече наредбата откако психијатар ќе утврди дека за вас важат **сите** наведени услови за да бидете ставени под наредба за ограничено принудно лекување:

- изгледате дека сте душевно болни; и
- вашата душевна болест налага лекување што може да се добие преку наредба за ограничено принудно лекување; и
- поради вашата душевна болест, принудното лекување е неопходно заради вашето здравје или безбедност (било да е тоа за да се спречи влошување на вашата телесна или душевна состојба, или за друго), или заради заштита на лица во јавноста.

Судот ќе одреди колку ќе трае вашата наредба за ограничено принудно лекување, кое не смее да биде подолго од две години.

Откако ќе ве одведат во службата за душевно здравје, психијатар ќе ве прими во службата или како внатрешен пациент, или ќе издаде наредба за ограничено лекување во заедницата. Кога е тоа возможно, ќе бидете лекувани во заедницата. Ако сте примени како внатрешен пациент, мора да останете во службата за душевно здравје. Прочитајте го делот за лекување на внатрешни пациенти во оваа книшка за повеќе информации. Ако психијатарот за вас издаде наредба за ограничено лекување во заедницата, прочитајте го делот за наредби за ограничено лекување во заедницата.

## Лекување

Вашиот психијатар ќе подготви план за лекување соодветно на вашите посебни потреби. Може да учествувате во планирањето на вашето лекување, а психијатарот ќе го земе предвид она што го претпочитате и она што ве загрижува. Исто така психијатарот ќе ги земе предвид желбите на било кој старател, член на фамилијата или главен негувател, кој е вклучен во пружањето на постојана нега за вас (освен ако одбивате), било кои значајни алтернативни третмани и било кои значајни ризици од лекувањето.

Меѓутоа, ако вашиот психијатар верува дека одредено психијатриско лекување е неопходно, може да се примени тоа лекување дури и ако вие го одбивате. Ако се случи тоа, вашиот психијатар ќе објасни зошто е лекувањето неопходно. Вашиот психијатар или друг член на тимот што ве лекува ќе разговара со вас за планот и ќе ви даде примерок од него.

Вашиот психијатар и други членови на тимот што ве лекува редовно ќе разговараат со вас за вашиот

наод, лекови, начини на лекување, други можни лекувања и служби што се на располагање. Тие редовно ќе го прегледуваат и обновуваат планот за ваше лекување. Пријател или застапник може да дојде со вас кога разговарате за вашето лекување со вашиот психијатар.

Членовите на семејството и други лица што пружаат нега може да ви пружат значајна поддршка и нега додека се лекувате од вашата болест. По правило, на нив ќе им бидат дадени информации за вашето лекување и нега само со ваша согласност. Меѓутоа, ако на вашиот старател, член на семејството или вашиот главен негувател му се потребни информации за да може да ве негува, член на тимот што ве лекува може да му ги даде тие информации дури и ако вие не се согласувате.

### Второ мислење

Имате право да добиете второ мислење во врска со вашата психијатриска состојба и лекување. Лицето што го води вашиот случај или психијатарот може да го организираат тоа во службата за душевно здравје или може да ви помогнат да си одберете свој психијатар. Ако одберете приватен психијатар, можеби ќе треба да ја платите неговата услуга. Можете да разговарате за второто мислење со психијатарот што ве лекува; меѓутоа, психијатарот што ве лекува е надлежен за донесување на конечната одлука во врска со лекувањето што го добивате.

### Пристап кон информации

Според законите за слобода на информирањето, имате право да побарате пристап до вашите лични информации што се чуваат во службата за душевно здравје.
Ако сакате пристап до информациите, може да се обратите до член на тимот што ве лекува или до службеникот на службата за душевно здравје задолжен за слобода на информирањето да ви помогне да поднесете барање.

Организациите што би можеле да ви помогнат да поднесете барање за слобода на информирањето се опишани на крајот од оваа книшка.

## Лекување како внатрешен пациент

Овој дел од книшкава содржи информации за вашите права додека се наоѓате во служба за душевно здравје под наредба за ограничено принудно лекување.

### Отсуство

Може да ви биде дозволено да ја напуштите службата за душевно здравје за кусо време (на пример, неколку часа, преку ноќ или преку викендот) за да ги посетите роднините или пријателите, или заради некоја друга причина. Ако сакате да земете отсуство, треба да разговарате со член на тимот што ве лекува. Вашиот психијатар ќе ја донесе конечната одлука во врска со вашето барање за отсуство.

### Затворање и ограничување

#### Затворање

Затворање е кога едно лице се чува само во соба во која вратите и прозорците се заклучени однадвор. Тоа се случува само ако е неопходно за да се заштити лицето или другите од непосредна или претстојна опасност за нивното здравје или безбедност, или за да се спречи лицето да избега. Се применува само кога другите начини за осигурување на безбедноста биле неуспешни.

#### Механичко ограничување

Механичко ограничување е користење на помагала, како што е лента или појас, за да се ограничи слободата за движење. Ограничувањето може да се примени за да се овозможи лекување на лицето, за да се спречи лицето да се повреди себеси или други, или за да се спречи лицето да продолжи да уништува имот.

#### Одобрување и надгледување на затворањето и на механичкото ограничување

Затворањето и ограничувањето може да ги одобри вашиот психијатар или, во итен случај, може да ги одобри главната дежурна медицинска сестра. Тие може да се применат само додека постојат горенаведените причини.

Ако сте затворени во самица или ограничени, персоналот мора да ви даде соодветна постелнина, облека, храна и пијалок кога ви се потребни. Тие исто така мора на соодветен начин да го организираат вашето користење на клозетот, вклучувајќи и можност да се измиете.

Медицинска сестра мора да ги надгледува вашата телесна и душевна состојба најмалку на секои 15 минути. Исто така мора да ве прегледа и лекар најмалку на секои четири часа, освен ако вашиот психијатар мисли дека е соодветно прегледите да бидат поретки. Ако сте ограничени, мора да бидете под постојан надзор.

### Писма и телефонски повици

Може да контактирате со луѓето со писма или по телефон, Вашите писма никој нема да ги отвора.

### Префрлување

Може да ве префрлат во друга служба за душевно здравје ако вашиот психијатар верува дека префрлувањето ќе ви користи или ако е тоа неопходно за вашето лекување. Ако не сакате да ве префрлат, треба да разговарате со вашиот психијатар или може да се жалите до Одборот за ревизија на душевното здравје. Ако ве префрлат пред да биде разгледана жалбата, Одборот ќе одлучи дали треба да се вратите во првобитната служба откако ќе ја разгледа жалбата.

### Наредби за ограничено лекување во заедницата

Ако вашиот психијатар или Главниот психијатар верува дека може да живеете во заедницата додека го добивате лекувањето што ви е потребно, може да бидете ставени под наредба за ограничено лекување во заедницата. За да дознаете повеќе за тие наредби, во оваа книшка прочитајте го делот за наредби за ограничено лекување во заедницата и побарајте од член на тимот што ве лекува да ви ги објасни тие наредби.

### Отпуштање на пациенти под наредба за ограничено принудно лекување

Ако Главниот психијатар верува дека било кој од условите за издавање наредба за ограничено принудно лекување веќе не важи за вас, мора да ве отпуштат од наредбата и ќе можете слободно да си заминете. Меѓутоа, ако и вие и вашиот психијатар мислите дека ќе ви користи натамошно лекување во службата за душевно здравје, може да побарате да ви дозволат да останете на доброволна основа.

Ако во било кое време сакате да бидете отпуштени од наредбата за ограничено принудно лекување, треба да разговарате со вашиот психијатар или со други членови на тимот што ве лекува, или може да се жалите до Одборот за ревизија на душевното здравје. Без оглед на тоа дали ќе се жалите или не, Одборот прво ќе го разгледа вашиот случај во рок од осум недели откако ви била издадена наредба за ограничено принудно лекување, а потоа најмалку на секои 12 месеци ако за вас продолжи да важи наредбата. Вашиот психијатар исто така редовно ќе ве следи за да види дали треба да бидете отпуштени.

## Наредби за ограничено лекување во заедницата

Овој дел од книшката содржи информации за вашите права ако се наоѓате под наредба за ограничено лекување во заедницата. Наредбите за ограничено лекување во заедницата (Restricted Community Treatment Orders - RCTO) се наредби што се донесуваат според Законт за душевно здравје и кои им овозможуваат на луѓето што се наоѓаат под наредба за ограничено принудно лекување да живеат во заедницата додека добиваат лекување поради нивната душевна болест.

Ако вашиот психијатар или Главниот психијатар верува дека може да живеете во заедницата додека го добивате лекувањето што ви е потребно, може да бидете ставени под наредба за ограничено лекување во заедницата. И понатаму ќе бидете под наредба за ограничено принудно лекување, дури и ако живеете во заедницата под наредба за ограничено лекување во заедницата.

### Планирање на наредбата за ограничено лекување во заедницата

Вашиот психијатар или Главниот психијатар ќе зборуваат со вас за наредбата за ограничено лекување во заедницата и за причините поради кои таа би се издала. Може да учествувате во планирањето на наредбата, а ќе биде земено предвид она што вие го претпочитате. На пример, можеби сакате некој посебен лекар да го надгледува извршувањето на наредбата. Вашиот психијатар или Главниот психијатар ќе ве известат кога ќе биде издадена наредбата. Ако вашиот психијатар издаде наредба за ограничено лекување во заеднцата, тој исто така мора да го извести и Главниот психијатар.

### План за лекување

Вашиот психијатар ќе подготви нов план за лекување. Планот за лекување ќе вклучува оценување на вашите потреби за продолжување на лекувањето и за поддршка во заедницата, и за надобриот начин на кој тие потреби може да бидат задоволени.

Може да учествувате во планирањето на вашето лекување, а психијатарот ќе го земе предвид она што вие го претпочитате и она што ве загрижува. Вашиот психијатар или друг член на тимот што ве лекува ќе разговара со вас за вашиот план за лекување и ќе ви даде примерок од него. Планот ќе содржи:

- краток преглед на вашето лекување
- името на психијатарот што ќе го следи вашето лекување
- името на лекарот што ќе го надгледува вашето лекување

- името на лицето што го води вашиот случај
- местото и времето во кое ќе го добивате лекувањето
- колку често лекарот што го надгледува вашето лекување треба да му поднесува извештај за вашето лекување на психијатарот што го следи лекувањето
- се друго за што вашиот психијатар мисли дека е соодветно.

### Услови на наредбата за ограничено лекување во заедницата

Ќе ви биде даден примерок од наредбата за ограничено лекување во заедницата. Наредбата ќе важи додека да биде отповикана или укината, или додека да биде укината или да истече вашата наредба за ограничено принудно лекување. Наредбата за ограничено лекување во заедницата понекогаш наведува каде морате да живеете. Наредбата исто така може да наведува било какви услови што вашиот психијатар или Главниот психијатар ги сметаат за соодветни. Вашиот психијатар или Главниот психијатар можат одвреме навреме да ги менуваат тие услови, а за причините мораат да разговараат с вас.

Ако не сте задоволни со било кој од условите, треба да поразговарате со член на тимот што ве лекува, или можете да се жалите до Одборот за ревизија на душевното здравје.

### Отповикување на наредбата за ограничено лекување во заедницата

Ако не се придржувате кон вашата наредба за ограничено лекување во заедницата или кон вашиот план за лекување, членовите на тимот што ве лекува ќе се обидат да ви помогнат да се придржувате кон нив. Меѓутоа, ако и понатаму не се придржувате, а постои значителна опасност дека вашето здравје ќе се влоши бидејќи не се придржувате, вашиот психијатар или Главниот психијатар може да ја отповикаат наредбата за ограничено лекување во заедницата и вие ќе мора да се вратите во службата за душевно здравје поради лекување.

Вашата наредба за ограничено лекување во заедницата исто така може да биде отповикана ако вашиот психијатар или главниот психијатар верува дека вашата болест подобро ќе се лекува во служба за душевно здравје.

Ако вашата наредба за ограничено лекување во заедницата е отповикана, ќе бидат вложени разумни напори тоа да ви се каже, а потоа мора да одите во службата за душевно здравје.

### Отпуштање на пациенти под наредба за ограничено лекување во заедницата

Ако Главниот психијатар верува дека било кој од условите за издавање наредба за ограничено принудно лекување веќе не важи за вас, мора да ве отпуштат од наредбата за ограничено лекување во заедницата и од наредбата за ограничено принудно лекување. Може да разговарате за продолжување на лекувањето на доброволна основа со лицето што го води вашиот случај или со психијатар.

Ако во било кое време сакате да бидете отпуштени од наредбата за ограничено лекување во заедницата, треба да разговарате со вашиот психијатар или со други членови на тимот што ве лекува, или може да се жалите до Одборот за ревизија на душевното здравје. Без оглед на тоа дали ќе се жалите или не, Одборот прво ќе го разгледа вашиот случај во рок од осум недели откако ви била издадена наредба за ограничено принудно лекување, а потоа најмалку на секои 12 месеци ако за вас продолжи да важи наредбата. Одборот исто така ќе ја разгледа вашата наредба за ограничено лекување во заедницата, ако под неа се наоѓате 12 месеци. Вашиот психијатар исто така редовно ќе ве следи за да види дали треба да бидете отпуштени.

## Жалба и ревизија: Одбор за ревизија на душевното здравје

Овој дел од книшкава содржи информации за вашите права на жалба и ревизија од страна на Одборот за ревизија на душевното здравје.

### Телефонска линија за информации

Може да слушнете снимен краток преглед на информациите за Одборот за ревизија на душевното здравје на повеќе јазици ако се јавите на телефонската линија за информации. Телефонските броеви се наведени на задната страна на книшкава. Линиите се отворени 24 часа дневно.

### Функциите на Одборот

Одборот за ревизија на душевното здравје е независен трибунал кој:

- ги разгледува жалбите на пациентите под наредби за ограничено принудно лекување кои сакаат да бидат отпуштени од наредбата;
- врши ревизија на сите пациенти под наредби за ограничено принудно лекување  осум недели откако тие биле ставени под наредбата за да одлучи дали тие треба да бидат отпуштени;
- врши ревизија на сите пациенти под наредби за ограничено принудно лекување најмалку на секои 12 месеци за да одлучи дали тие може да бидат отпуштени;

- врши ревизија на пациентите што се наоѓаат под наредба за ограничено лекување во заедницата 12 месеци;
- разгледува молби од пациенти што не сакаат да бидат префрлени во друга служба за душевно здравје;

При секоја жалба или ревизија, Одборот исто така ќе го разгледа и вашиот план за лекување.

## Вашето право да поднесете жалба до Одборот

Имате право да поднесете жалба до Одборот за ревизија на душевното здравје во било кое време. Ако сакате да поднесете жалба, побарајте жалбен формулар од некој член на тимот што ве лекува, пополнете го и замолете го членот на тимот да ги испрати до Одборот. Ако нема жалбен формулар, може да ја напишете жалбата во облик на писмо или на електронско писмо до Одборот кое ги содржи вашето име, името на службата за душевно здравје и за што сакате да се жалите. Одборот мора веднаш да ја разгледа вашата жалба. Ако ви треба помош за да го пополните формуларот или за нешто друго, замолете член на тимот што ве лекува, пријател, член на семејството, адвокат или посетител од заедницата да ви помогне.

## Контактни поединости на Одборот

За да испратите телефакс, писмо или електронско писмо до Одборот, или за да добиете повеќе информации, користете ги долните контактни поединости:

Executive Officer
Mental Health Review Board
30-ти кат, Marland House
570 Bourke Street, Melbourne Victoria 3000

Телефон: 8601 5270
Бесплатен повик: 1800 242 703
Телефакс: 8601 5299
Електронска пошта: mhrb@mhrb.vic.gov.au
Место на интернет: www.mhrb.vic.gov.au

## Подготовка за разгледувањето на Одборот

Одборот ќе ви испрати известување во кое ќе бидат наведени датумот, времето и местото на разгледување на вашата ревизија или жалба. Вашиот психијатар и лицето што го води вашиот случај исто така ќе бидат известени за разгледувањето. Имате право да присуствувате на разгледувањето освен ако Одборот одлучи дека тоа ќе биде лошо за вашето здравје. Ве поттикнуваме да присуствувате и да го изложите вашиот случај, а може некој да дојде со вас за да ве поддржи или за да зборува наместо вас; на пример, застапник, адвокат, приватен лекар, пријател или член на семејството. Ако не сте способни да присуствувате на разгледувањето, треба да го известите Одборот колку што е можно поскоро.

Пред разгледувањето, прочитајте ги документите што ќе му бидат дадени на Одборот за разгледувањето на вашиот случај (видете подолу) и размислете за тоа што ќе му го речете на Одборот. Може исто така да сакате да му дадете на Одборот писмени информации. Можеби вашето семејство и пријатели или некој што го почитувате сака да напише писмо или да дојде на разгледувањето за да ве поддржи при вашата жалба или ревизија.

Ако имате специјални потреби, на пример преведувач, треба да разговарате за нив со член на тимот што ве лекува или да се обратите до Одборот. Одборот ќе организира да има преведувач ако тоа е неопходно.

Организациите што можеби би можеле да ви помогнат со жалбата или ревизијата се опишани на крајот на книшкава.

## Пристап до документи за разгледувањето

На вас или на вашиот претставник ќе ви дадат можност да ги прочитате сите документи што треба да му се дадат на Одборот за разгледувањето на вашиот случај, вклучувајќи го вашиот здравствен картон и извештајот на вашиот психијатар до Одборот, најмалку 24 часа пред разгледувањето. Меѓутоа, вашиот психијатар може да се обрати до Одборот за да ве спречи да видите некој документ или дел од документ ако верува дека:

- гледањето на документот ќе му нанесе сериозна штета на вашето здравје или на здравјето и безбедноста на друго лице,

  или

- информациите во некој документ биле дадени во доверливост или се работи за лични информации за друго лице.

Ако е поднесено барање да бидете спречени да видите некој документ или дел од документ, член на тимот што ве лекува ќе ви го каже тоа и ќе ви ја објасни постапката. Одборот ќе ја донесе конечната одлука дали ќе го видите целиот документ или дел од документ или нема да видите ништо од документот.

Ако Одборот одлучи дека не треба да видите некој документ или дел од некој документ, тој може да му дозволи на вашиот застапник да го види место вас.

## Состанок на Одборот

Состаноците се одржуваат во болниците или во службите за душевно здравје во заедницата. На состаноците обично вашиот случај ќе го разгледуваат три члена на Одборот - адвокат, психијатар и член од

заедницата. Ако разгледувањето на случајот е годишна ревизија на наредбата за ваше ограничено принудно лекување, тоа може да го спроведе едно лице - адвокат, психијатар или член на Одборот од заедницата.

Разгледувањето на случајот ќе биде неслужбено и приватно, освен ако Одборот одлучи дека е во ваш интерес или во јавен интерес да биде отворено. Вашиот лекар и други членови на тимот што ве лекува ќе му дадат информации на Одборот. Вие и вашиот застапник ќе можете да поставувате прашања и да го објасните вашето гледање на случајот; на пример, зошто верувате дека не треба да бидете пациент под наредба за ограничено принудно лекување.

При донесувањето на својата одлука, Одборот првенствено ќе ја разгледа вашата тековна душевна состојба, а исто така ќе ги земе предвид вашата здравствена и психијатриска историја и вашите социјални околности.

Ако сте внатрешен пациент и сте премногу болни за да присуствувате на разгледувањето на случајот, Одборот може да ве посети во болничкото крило каде што лежите.

## Одлуката на Одборот за жалбата или ревизијата

Одборот мора да одлучи дали сите услови за ограничено принудно лекување се уште важат за вас.

### Отпуштање на пациент под надзор

Ако било кој од условите за наредбата за ограничено принудно лекување веќе не важи за вас, ќе бидете отпуштени од наредбата.

Може да разговарате за продолжување на лекувањето на доброволна основа со лицето што го води вашиот случај или со психијатар. Ако сте биле внатрешен пациент, ќе можете слободно да си заминете од службата за душевно здравје; меѓутоа, ако и вие и вашиот психијатар мислите дека ќе ви користи натамошно лекување во службата за душевно здравје, може да побарате да ви дозволат да останете на доброволна основа.

### Продолжување на принудното лекување

Ако Одборот одлучи дека за вас се уште важат сите услови за да бидете под наредба за ограничено принудно лекување, ќе продолжите да се лекувате како принуден пациент.

Ако сте внатрешен пациент, а Одборот мисли дека лекувањето што ви е потребно може да го добиете преку наредба за ограничено лекување во заедницата, може да му наложи на вашиот психијатар да ве стави под наредба за ограничено лекување во заедницата.

Ако сте под наредба за ограничено лекување во заедницата, Одборот може да ги измени условите на наредбата. Ако Одборот ја отповика вашата наредба за ограничено лекување во заедницата, мора да се вратите во службата за душевно здравје.

Одборот исто така ќе го разгледа и вашиот план за лекување за да одлучи дали биле применувани соодветни постапки при изработката на планот; на пример, дали биле земени предвид вашите желби и дали психијатарот разгледал други лекувања. Одборот мора да биде сигурен дека службата за душевно здравје може да го спроведе планот.

На крајот на разгледувањето, Одборот ќе ве извести за својата одлука и за причините поради кои ја донел. Ќе ви биде даден писмен примерок од одлуката. Ако сакате да ги добиете причините за одлуката во писмена форма, мора тоа писмено да го побарате од Одборот во рок од 28 дена, а Одборот мора да ви даде изјава за причините во рок од 14 дена од вашето барање. Може пак да се жалите до Одборот во било кое време.

## Ревизија на одлуката на Одборот

Ако не се согласувате со одлуката на Одборот, може да се жалите до Граѓанскиот и административен трибунал на Викторија (Victorian Civil and Administrative Tribunal - VCAT) за да изврши ревизија на одлуката на Одборот. Трибуналот е независен и има моќ да ја потврди или отфрли одлуката на Одборот.

Барањата мора да се поднесат писмено во рок од 28 дена од добивањето на одлуката на Одборот или, ако сте барале објаснување на причините од Одборот, во рок од 28 дена од добивањето на објаснувањето, до:

Victorian Civil and Administrative Tribunal
General List
55 King Street,
Melbourne Victoria 3000

Телефон: 9628 9755
Телефакс: 9628 9788

Организациите што можеби можат да ви помогнат со барањето се опишани на крајот на оваа книшка.

## Жалби

Кон вас треба да се однесуваат достоинствено и со почит и да бидете заштитени од злоупотреба кога ви се пружа лекување и нега во службата за душевно здравје. Ако не сте задоволни со било кој дел од вашето лекување или нега, можете да се жалите. Најдобро е да почнете со лицето што го води вашиот случај, главната медицинска сестра или друг член на тимот што ве лекува, службеникот за поврзување во случај на поплаки или советникот за корисниците во болницата, или Директорот на психијатрија во службата за душевно здравје.

Исто така можете директно да се жалите до Началникот на здравствените служби на телефон 8601 5200 или до Главниот психијатар на 1300 767 299.

Ако ви треба помош за да поднесете поплака, замолете некој во кого имате доверба да ви помогне. Тоа може да е член на тимот што ве лекува, пријател, член на семејството, адвокат или посетител од заедницата.

## Важни контакти

Организациите со кои може да стапите во контакт за помош и повеќе информации се наведени во продолжение.

- **Одборот за ревизија на душевно здравје (Mental Health Review Board)** е независен трибунал, кој ги разгледува жалби на пациентите што се лекуваат принудно, пациенти што се под наредба на принудно лекување и пациентите под надзор, кои сакаат да им биде укинат нивниот статус на принудно лекување. Тој исто така автоматски врши ревизија на случаите на овие пациенти.
  30. кат, Marland House,
  570 Bourke Street, Melbourne 3000
  Телефон: 8601 5270
  Бесплатен повик: 1800 242 703
  Факс: 8601 5299
  Електронска пошта: mhrb@mhrb.vic.gov.au
  Интернет страница: www.mhrb.vic.gov.au
- **Посетители од заедницата (Community visitors)** се лица кои ги посетуваат службите за душевно здравје барем еднаш месечно за да ја разгледаат соодветноста на службите и објектите за лекување и нега на пациенти, ги испитуваат поплаките и известуваат за нивното разгледување и испитување.
  5. кат 436 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9603 9500
  Бесплатен повик: 1300 309 337
- **Правниот центар за душевно здравје (Mental Health Legal Centre)** е независна правна служба специјализирана за правни прашања во врска со душевното здравје. Таа може да уреди да бидете застапувани на состаноците на Одборот за ревизија на душевно здравје или да ви даде совет во врска со други правни работи.
  9. кат, 10–16 Queen Street,
  Melbourne 3000
  Телефон: 9629 4422
  Бесплатен повик: 1800 555 887
- **Викториска правна помош (Victoria Legal Aid)** овозможува бесплатни правни совети за разни прашања. Може исто така да овозможи правна помош доколку не можете да си дозволите приватен адвокат и може да ви помогне со правно застапување на состаноците со Одборот за ревизија на душевното здравје.
  350 Queen Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9269 0234
  Бесплатен повик: 1800 677 402
- **Јавниот застапник (Public Advocate)** помага, советува и застапува лица со сериозни жалби во врска со службите за душевно здравје и онеспособени лица и во врска со лекувањето.
  5. кат, 436 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9603 9500
  Бесплатен повик: 1300 309 337
- **Викториската комисија за човечки права и еднакви можности (Victorian Equal Opportunity and Human Rights Commission)** им помага на луѓето да ги разрешат жалбите во врска со дискриминација, има посебни функции во врска со *Повелбата за човечки права и обврски* и може да дава совети во врска со повелбата. Услугите вклучуваат линија за распрашување, како и доверлива, бесплатна и објективна служба за решавање на жалбите.
  3. кат, 380 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9281 7100
  Бесплатен повик: 1800 13 41 42
  Веб страница:
  www.humanrightscommission.vic.gov.au

- **Главниот психијатар (Chief Psychiatrist)** е виш службеник на Одделот за општествени услуги, назначен според Законот за душевно здравје, со посебни надлежности во однос на лицата кои добиваат услуги во врска со душевното здравје. Тоа вклучува и право да испитува жалби и други прашања и да преземе неопходни дејствија.

  50 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9096 7571
  Бесплатен повик: 1300 767 299

- **Началникот на здравствените служби (Health Services Commissioner)** е независен началник кој ги испитува и помага во решавањето на поплаките од корисниците на здравствената нега во врска со здравствените услуги, вклучувајќи ги и службите за душевно здравје. Началникот може да му помогне на пациентите да добијат пристап до нивните здравствени информации.

  30. кат, 570 Bourke Street, Melbourne 3000
  Телефон: 8601 5200
  Бесплатен повик: 1800 136 066

- **Правобранителот (Ombudsman)** ги испитува поплаките во врска со државните оддели.

  3. кат, 459 Collins Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9613 6222
  Бесплатен повик: 1800 806 314

За други локални организации и групи за поддршка кои би можеле да ви помогнат исто така може да го прашате службеникот задолжен за вашиот случај (case manager) или кој и да е член на тимот што ве лекува.

## Печатени брошури од серијата 'За вашите права':

- Принудни пациенти *(Involuntary patients)*
- Наредби за ограничено принудно лекување *(Restricted involuntary treatment orders)*
- Пациенти под надзор *(Security patients)*
- Форензички пациенти *(Forensic patients)*
- Електроконвулзивна терапија *(Electroconvulsive therapy)*
- Големо непсихијатриско лекување *(Major non-psychiatric treatment)*
- Наредби за надгледување без надзор *(Non-custodial supervision orders)*

## Други брошури од серијата 'За вашите права':

- Форензички пациенти (во затвор и со налог за преодно отстранување) *(Forensic (remand and interim disposition order) patients)*
- Продолжено лекување (дел 12A-12D) принудни пациенти *(Continuing treatment (section 12A-12D) involuntary patients)*
- Наредби за проценување и дијагноза, наредби за проценување и лекување *(Assessment orders and diagnosis, assessment and treatment orders)*
- Психохирургија *(Psychosurgery)*

Овие и други брошури се достапни во голем број на интернет на www.health.vic.gov.au/mentalhealth.

Одредени брошури се исто така достапни на други јазици.

## Телефонска линија за информации

Вие може да слушате снимени информации за електроконвулзивната терапија на поголем број јазици, ако се јавите на телефонската информативна линија.

Линиите се отворени 24 часа дневно, седум дена во неделата.

| | |
|---|---|
| Англиски | 9679 9838 |
| Арапски | 9679 9825 |
| Камбоџански | 9679 9826 |
| Кантоншки | 9679 9827 |
| Хрватски | 9679 9828 |
| Грчки | 9679 9829 |
| Италијански | 9679 9830 |
| Македонски | 9679 9831 |
| Мандарински | 9679 9837 |
| Српски | 9679 9834 |
| Сомалиски | 9679 9832 |
| Шпански | 9679 9833 |
| Турски | 9679 9835 |
| Виетнамски | 9679 9836 |

Издание на Одделот за ментално здравје и дрога при Министерството за хумани служби на Владата на Викторија, Мелбурн, Викторија, Австралија.

© Авторски права на Државата Викторија, Министерство за хумани служби, 2008.

Ова издание може да се умножува делумно или во целост под услов да се наведат авторските права.

Септември 2008 (080519)

Одобрено од Владата на Викторија, Мелбурн

**Дали оваа брошура ви треба во друг формат?**

Ако оваа брошура ви треба во друг формат, разговарајте со службеникот задолжен за вашиот случај (case manager) или било кој член на тимот што ве лекува.

State Government Victoria  Department of Human Services